**20160020143**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 209/15), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15 и 154/15), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15 и 213/15), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија” бр. 50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13 и 149/15) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/08, 116/10, 23/13 и 149/15), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на, 5.1.2016 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2016 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година во вкупен износ од 6.320.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 209/15) раздел 140.04 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | ***Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства*** | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 2.000.000.000 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 1.011.400.000 |
| ***Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)*** | | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 70.000.000 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 2.000.000 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 10.000.000 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 181.600.000 |
| 7. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2015 година | 50.000.000 |
| 8. | Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2015 година | 50.000.000 |
| 9. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000 |
| 10. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години | 2.900.000.000 |
| 11. | Заостанати обврски од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2014 година | 30.000.000 |
| | Вкупно | 6.320.000.000 |

II

Средствата од дел I мерка 1 од оваа програма наменети за директни плаќања за растително производство во износ од 2.000.000.000 денари ќе се користат според следните подмерки:

| Бр. на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури со исклучок на тутун |
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 10 до 50 хектари |
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со добиточна храна |
| 1.4. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед, ориз и афион |
| 1.5. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство на отворено и во пластеници |
| 1.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за производство под контролирани услови на домати, пиперки, краставици и режано цвеќе |
| 1.7. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.5. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети |
| 1.8. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за производство на декоративни и брзорастечки садници |
| 1.9. | Директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.9 за овошни култури предадени во преработувачки капацитет |
| 1.11. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади |
| 1.12. | Директни плаќања за произведен и продаден суров тутун од реколта 2015 година |
| 1.13. | Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, градинарски култури и компир |
| 1.14. | Директни плаќања за производство на домашен лозов калем и овошен саден материјал |
| 1.15. | Директни плаќања за производство на посадочен материјал за градинарски производи |
| 1.16. | Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури |
| 1.17. | Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во ин витро услови |
| 1.18. | Дополнителни директни плаќања од подмерките 1.5., 1.9. и 1.11. за поддршка на промената на типот на производство од житни култури во градинарски култури, овошни и лозови насади |

II

Средствата од дел I мерка 2 од оваа програма наменети за директни плаќања за сточарското производство во износ од 1.011.400.000 денари ќе се користат според следните подмерки:

| Бр. на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани грла говеда |
| 2.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо |
| 2.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за грла говеда од автохтона раса Буша |
| 2.4. | Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко |
| 2.5. | Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет |
| 2.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.5 за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет за производство на месо |
| 2.7. | Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О |
| 2.8. | Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории |
| 2.9. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.8 за задржано женско јагне |
| 2.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.8 за грла овци од автохтона раса Праменка (Овчеполка, Шарпланинска и Каракачанска) |
| 2.11. | Директни плаќања за обележани грла кози |
| 2.12. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за задржано женско јаре |
| 2.13. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за грла кози од автохтона раса Балканска коза |
| 2.14. | Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици |
| 2.15. | Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети |
| 2.16. | Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети |
| 2.17. | Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети |
| 2.18. | Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња |
| 2.19. | Директни плаќања за произведени еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди |
| 2.20. | Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство |
| 2.21. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.20. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици |
| 2.22. | Директни плаќања за фармерско одгледување на ноеви |
| 2.23. | Директни плаќања за фармерско производство на полжави |
| 2.24. | Директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче Шарпланинец |
| 2.25. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за грла говеда од раса Бивол |
| 2.26. | Директни плаќања за несилки внесени во капацитет за производство на јајца |

IV

Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма во износ од 70.000.000 денари за помош за премии за осигурување ќе се користат согласно член 98 од Законот за земјоделство и рурален развој со максимален износ на поддршка од 150.000 денари по земјоделско стопанство.

V

Средствата од дел I мерка 4 од оваа програма во износ од 2.000.000 денари ќе се користат за анализа на физичките и хемиските својства на почвата на земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски или педолошки анализи во 2016 година и тоа 70% од трошоците за анализа без ДДВ, но не повеќе од 9.000,00 денари по земјоделско стопанство.

VI

Средствата од дел I мерка 5 од оваа програма во износ од 10.000.000 денари за помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство ќе се користат согласно член 102 од Законот за земјоделство и рурален развој како дополнителна помош која се доделува на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања.

Дополнителната помош се доделува на следните категории носители на земјоделски стопанства:

-Дополнителна помош од 5% на правно лице регистрирано во ЕРЗС како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или членот на семејно-земјоделско стопанство со целокупниот земјоделски имот на семејно-земјоделското стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделски производители;

-Дополнителна помош од 10% на млад земјоделец носител на семејно-земјоделско стопанство и

-Дополнителна помош од 20% на носител на семејно-земјоделско стопанство кој е регистриран вршител на земјоделска дејност согласно со Законот за вршење на земјоделска дејност или е регистриран како индивидуален земјоделец согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

VII

Дел од средствата од дел I мерка 6 од оваа програма во износ од 12.000.000 денари за помош во сточарскиот сектор се наменети за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство и трошоци за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, согласно член 103 став 2 алинеи 1 и 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, а средствата ќе се реализираат со јавен конкурс согласно член 60-б од Законот за сточарство кој го спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дел од средствата од дел I мерка 6 од оваа програма во износ од 169.600.000,00 денари ќе се користат согласно член 103 став 2 алинеја 6 од Законот за земјоделство и рурален развој, а се наменети за следните мерки на државна помош во земјоделството и руралниот развој:

| Вид на мерка | Износ во денари |
|---|---|
| 1. Надзор на заразни болести кај свињите | 2.000.000,00 |
| 1.1 Вакцинација и сузбивање на Класичната чума кај свињите вклучувајќи ја и вонредната вакцинација при појава на зараза | 1.000.000,00 |
| 1.2 Дијагностичко испитување на заразни болести кај свињите | 1.000.000,00 |
| 2. Надзор на заразни болести кај живината | 8.500.000,00 |
| 2.1 Земање на мостри и брисеви за мониторинг на присуство на Авијарна инфлуенца кај домашна и комерцијална и дива и водна живина | 1.500.000,00 |
| 2.2 Дијагностичко испитување на Авијарна инфлуенца со серолошки и молекуларни тестови | 4.450.000,00 |
| 2.3 Дијагностичко испитување на Њукастелска болест | 50.000,00 |
| 2.4 Дијагностичко испитување на Салмонелоза кај живината | 2.500.000,00 |
| 3 Надзор на заразни болести кај копитарите | 50.000,00 |
| 3.1 Вакцинација на копитарите против Антракс | 50.000,00 |
| 4 Надзор и контрола на вектори | 500.000,00 |
| 4.1 Мониторинг и контрола на вектори | 500.000,00 |
| 5 Надзор на заразни болести кај дивечот | 8.000.000,00 |
| 5.1 Испраќање мостри за дијагностичко испитување на Беснило | 1.000.000,00 |
| 5.2 Дијагностичко испитување на Беснило | 3.000.000,00 |
| 5.3 Дијагностичко испитување на Класична чума кај свињите | 2.500.000,00 |
| 5.4 Дијагностичко испитување на други заразни болести кај дивечот | 1.500.000,00 |
| 6 Надзор на заразни болести кај кучињата | 50.000,00 |
| 6.1 Дијагностичко испитување на заразни болести кај кучињата | 50.000,00 |
| 7 Надзор на заразни болести кај рибите | 8.000.000,00 |
| 7.1 Дијагностичко испитување на заразни болести кај рибите | 8.000.000,00 |
| 8 Надзор на заразни болести кај овците и козите | 65.000.000,00 |
| 8.1 Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на Бруцелоза кај овците и козите | 28.000.000,00 |
| 8.2 Дијагностичко испитување на Бруцелоза кај овците и козите | 29.000.000,00 |
| 8.3 Вакцинација против Бруцелоза кај овците и козите | 5.000.000,00 |
| 8.4 Превентивна вакцинација против Антракс | 500.000,00 |
| 8.5 Дијагностичко испитување на Скрепи | 1.000.000,00 |
| 8.6 Земање на мостри и дијагностичко испитување на Син јазик | 1.500.000,00 |
| 9 Надзор на заразни болести кај говедата | 70.000.000,00 |
| 9.1 Земање, пакување и испраќање на материјал за лабораториско испитување на Бруцелоза кај говедата | 23.000.000,00 |
| 9.2 Дијагностичко испитување на Бруцелоза кај говедата | 19.000.000,00 |
| 9.3 Превентивна вакцинација против Антракс | 500.000,00 |
| 9.4 Дијагностичко испитување на Спонгиоформна енцефалопатија кај говедата | 1.000.000,00 |
| 9.5 Туберкулинизација и ретуберкулинизација на говедата | 26.500.000,00 |
| 10 Трошоци за дезинфекција, дезинсекција и дератизација при искоренување на заразните и други болести кај животните | 1.000.000,00 |
| 11 Превентивни мерки за сузбивање на особено опасни болести и болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство, а не се предвидени со Годишната наредба | 2.500.000,00 |
| 12 Надзор на особено опасни болести и болести од економски интерес за државата согласно член 49 од Законот за ветеринарно здравство | 4.000.000,00 |
| Вкупно | 169.600.000,00 |

Корисници на средства од став 3 на овој член се правни лица кои имаат склучен договор со Агенцијата за храна и ветеринарство и ветеринарните друштва во епизоотиолошките единици согласно член 41 од Законот за ветеринарно здравство, Национална референтна лаболаторија, согласно член 11 од Законот за ветеринарно здравство и ветеринарство и ловни друштва концесионери на ловиштата во Република Македонија согласно член 20 од Законот за безбедност на храната како и на правно или физичко лице кои ги исполнуваат условите од членовите 49, 97 и 98 од Законот за ветеринарното здравство и ги извршиле услугите согласно договорот.

Исплатата се врши од страна на Агенцијата по претходно доставено барање за исплата од страна на Агенцијата за храна ветеринарство кое треба да ги содржи следните податоци: Назив на корисникот, единствен даночен број, број на трансакциска сметка, износ за исплата и изјава дека за истата намена не се исплатени средства од друг извор на финансирање. Поддршката се доделува во износ од 100% од вкупно прифатливите трошоци по спроведена постапка во 2016 година и потврдени износи за исплата од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

За реализација на ставовите 2 и 3 од овој член Агенцијата за храна и ветеринарство доставува барања за исплата најмногу 2 пати годишно.

VIII

Средствата од дел I мерка 7 на оваа програма во износ од 50.000.000,00 денари се наменети за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2015 година во висина од 100% од утврдената загуба на приходи од продажба на земјоделски растенија и животни на земјоделски имот и штети на стакленици и пластеници кои се утврдуваат врз основа на доставен извештај и проценка од Комисијата за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи.

IX

Средствата од дел I мерка 8 на оваа програма во износ од 50.000.000,00 денари се наменети за дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2015 година согласно член 99-б од Законот за земјоделство и рурален развој врз основа на Одлуката за дополнителна помош за настанати загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани донесена од Владата на Република Македонија.

X

Средствата од дел I мерка 9 од оваа програма во износ од 15.000.000 денари ќе се користат од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството за покривање на материјални трошоци за спроведување на оваа програма и тоа за: услуги за печатење на обрасци и информативни материјали и огласи потребни за спроведување на Програмата, услуги за печатење и достава на известувања до барателите, набавка на гориво и патни трошоци за вршење на контролите на терен како и трошоци поврзани со одржување на возилата, услуги за изработка, прилагодување и одржување на софтверски решенија за спроведување на Програмата, услуги од надворешни експерти вклучително и ревизија на Програмата, услуги за обезбедување на сателитски снимки наменети за контролите на терен, набавка на информатичка и техничка опрема наменета за спроведување на програмата вклучително и опрема потребна за спроведување на контролите на терен.

XI

Средствата од дел I мерка 10 од оваа програма во износ од 2.900.000.000 денари ќе се користат за исплата на финансиски средства за заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години.

XII

Средствата од дел I мерка 11 од оваа програма во износ од 30.000.000,00 денари се наменети за покривање на трошоците за извршена дезинсекција против болеста Син јазик во 2014 година.

Корисници на средствата од дел I мерка 11 од оваа програма се ветеринарните душтва кои на барање на Агенцијата за храна и ветеринарство извршиле дезинсекција против болеста Син јазик во 2014 година.

Исплатата на средствата од дел I мерка 11 од оваа програма се врши од страна на Агенцијата по претходно доставено барање за исплата од страна на Агенцијата за храна ветеринарство кое треба да ги содржи следните податоци: Назив на корисникот, единствен даночен број, број на трансакциска сметка, износ за исплата и изјава дека за истата намена не се исплатени средства од друг извор на финансирање.

Поддршката за мерката 11 од дел I на оваа програма се доделува во износ од 100% од вкупно прифатливите трошоци по спроведена постапка во 2016 година и потврдени износи за исплата од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

XIII

Корисници на директни плаќања од дел I мерки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од оваа програма се земјоделски стопанства кои ги имаат намирено сите финансиски обврски согласно член 14-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

Корисниците на директни плаќања од дел I мерка 2 од оваа програма се земјоделски стопанства кои имаат подмирени надоместоци и обврски кои произлегуваат од годишните наредби за здравствена заштита на животните и Законот за идентификација и регистрација на животните.

XIV

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерките 1 и 2 од оваа програма е утврден во член 4 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 3 од оваа програма е 31.08.2016 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 4 од оваа програма е 31.05.2016 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 5 од оваа програма е 31.05.2016 година со исклучок на периодите утврдени во член 4 точки 2 и 3 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2016 година.

XV

Крајниот рок за почетокот на исплата на средствата по мерки и подмерки од оваа програма ќе се извршува според следниот распоред:

| Број на мерка | Број на подмерка | Почеток на исплата |
|---|---|---|
| 1. | 1.1., 1.2., 1.3., 1.4. | ноември 2016 |
| | 1.5., 1.6. , 1.8., 1.18. | февруари 2017 |
| | 1.7., 1.10., 1.13., 1.14. 1.15, 1.16. | мај 2017 |
| | 1.9., 1.11. | ноември 2016 |
| | 1.12. | февруари 2016 |
| | 1.17. | мај 2016 |
| 2. | 2.1., 2.2., 2.3., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.13., 2.22., 2.23., 2.24., 2.25., 2.26. | април 2017 |
| | 2.4. | ноември 2016 |
| | 2.5., 2.6., 2.7., 2.14., 2.15., | мај 2017 |
| | 2.16., 2.17., 2.18., 2.19., 2.20., 2.21. | март 2017 |
| 3. | / | март 2017 |
| 4. | / | март 2017 |
| 5. | / | јуни 2017 |
| 6. | / | декември 2016 |
| 7. | | јуни 2016 |
| 8. | | јуни 2016 |
| 9. | / | февруари 2016 |
| 11. | / | февруари 2016 |

XVI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-13241/1-15
5 јануари 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.